**20160942402**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3, а во врска со член 84 став (7) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 12.5.2016 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА И ИНФОРМАЦИИТЕ ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ОБЈАВЕНИ ВО РЕФЕРЕНТНАТА ПОНУДА ЗА ПРИСТАП ДО ЈАВНИ МОБИЛНИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ И УСЛУГИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината и информациите што треба да бидат објавени во референтната понуда за пристап до јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги (во натамошниот текст: референтна понуда) на оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за пристап до јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги на кого му е наметната обврска за недискриминација (во натамошниот текст оператор).

Член 2

Во овој правилник, покрај дефинициите од Законот за електронските комуникации, се употребуваат дефиниции и појаснувања кои го имаат следното значење:

а) **Мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО)** е оператор кој не поседува одобрение за користење на радиофреквенции и бара пристап до мрежата на друг оператор со склучување на договор за пристап на големопродажна основа, со цел да обезбедува услуги на крајни корисници;

б) **LRIC (Long Run Incremental Costs)** е методологија за пресметка на долгорочни инкрементални трошоци;

в) **Retail minus** е методологија за утврдување на големопродажни цени во сооднос на малопродажни цени;

г) **Оператор-корисник** е МВМО кој бара пристап.

ѓ) **Национален роаминг** е големопродажна услуга за пристап со која операторот-корисник ќе има можност да обезбедува малопродажни услуги за своите претплатници кога се надвор од опсегот на покриеност на неговата јавна мобилна електронска комуникациски мрежа.

## II. ВИДОВИ НА МВМО

### Целосен МВМО

Член 3

Целосен МВМО е независен од операторот од кого ја добива големопродажната услуга за пристап за сите мрежни елементи освен за радиопристапната мрежа. Овој оператор има:

- Свои интерконекциски линкови и ја обезбедува големопродажната услуга за завршување на повик во сопствената мрежа со склучување на договори за интерконекција;
- Сопствена мобилна основна мрежа (Core Network);

- Сопствена платформа за услуги со додадена вредност;
- Броеви и серии на броеви врз основа на решение издадено од Агенцијата за електронски комуникации и обезбедува преносливост на броеви;
- СИМ картички со свои IMSI/MNC и може да склучува договори за меѓународен роаминг;
- Сопствен билинг систем и самостојно одржува односи со корисници вклучувајќи и испорака на сметки и наплата за обезбедените услуги и
- Сопствени платформи за провизионирање на услуги.

**МВМО-препродавач**

Член 4

МВМО-препродавач:

- Нема одобрение за користење на радио фрекфенции за копнена мобилна служба, ни своја основна мрежа за да овозможи започнување и завршување на повик за своите претплатници;
- Обезбедувањето на услугите на јавни мобилни комуникациски мрежи го врши со пристап до радио и основната мрежа на мобилниот мрежен оператор;
- Не е вертикално интегриран и не обезбедува големопродажни услуги за сопствени потреби, туку за активности на малопродажно ниво закупува услуги од некој оператор-понудувач на големопродажно ниво;
- Не може да склучува договори за интерконекција со други оператори;
- Нема свои СИМ картички со свои IMSI/MNC и не може да склучува договори за меѓународен роаминг туку ваквиот тип на услуги операторот-корисник ги обезбедува преку договорите за меѓународен роаминг на операторот;
- Нема броеви и серии на броеви врз основа на решение издадено од Агенцијата за електронски комуникации и не обезбедува преносливост на броеви;
- Може да нуди сопствени услуги и да се рекламира под свој бренд, но таквите услуги не можат да се разликуваат од услугите на мобилниот мрежен оператор кој што му обезбедил пристап до неговата мобилна мрежа;
- Има сопствен билинг систем и самостојно одржува односи со корисници вклучувајќи и испорака на сметки и наплата за обезбедените услуги.

Член 5

Покрај видовите на МВМО утврдени во членовите 3 и 4 од овој правилник постојат и други видови на МВМО, таканаречени хибриди кои може да имаат делумна основна мрежа, воопшто да немаат основна мрежа, или да имаат делумна платформа за услуги и услуги со додадена вредност што ќе им овозможи да обезбедуваат сопствени понуди на малопродажни услуги кои можат да се разликуваат од услугите на мобилниот мрежен оператор кој што им обезбедил пристап до неговата мобилна мрежа.

III. СОДРЖИНА НА РЕФЕРЕНТНАТА ПОНУДА

Член 6

Референтната понуда ги содржи сите елементи на мрежата и придружните средства потребни за обезбедување на пристап и со нив поврзаните услови и цени, а особено содржи:

а) барање за обезбедување пристап;

б) услуги што се обезбедуваат при пристап;

в) пристапни точки на операторот;
г) технички можности, протоколи и интерфејси за пристап;
д) колокација;
ѓ) цени;
е) склучување договори;
ж) рокови и услови на користење, вклучувајќи ги и сите услови со кои се ограничува пристапот до и/или употребата на услуги и апликации;
з) сите постапки за обесштетување.

Член 7

1) Референтната понуда треба да биде доволно детална, со цел да обезбеди операторот-корисник што бара пристап да не плаќа за капацитетите, односно средствата што не се потребни за бараната услуга.

2) Референтната понуда не треба да содржи одредби со кои го ограничуваат операторот-корисник да склучува договор за пристап до јавни мобилни комуникациски мрежи и услуги (во натамошниот текст договор за пристап) со други оператори.

**III.1 Барање за обезбедување на пристап**

Член 8

(1) Барањето за склучување договор за пристап што го поднесува операторот-корисник до операторот, меѓу другото, содржи:
а) назив и седиште на операторот-корисник;
б) потврда за извршена регистрација на нотификација издадена од Агенцијата;
в) вид на услуги што се обезбедуваат преку пристап;
г) адреси на точките за пристап од референтната понуда за кои операторот-корисник поднесува барање за пристап;
ѓ) податоци за точките за пристап од референтната понуда за кои се бара колокација и вид на колокација;
е) планиран сообраќај за следните 24 (дваесет и четири) месеци за услугите за пристап за која операторот-корисник е заинтересиран да ги користи, поделено по месеци и услуги;
ж) предвиден (планиран) рок за времетраење на договорот;
з) потврда за имплементирана функционалност на преносливост на броеви согласно Правилникот за преносливост на броеви издадена од Агенцијата за целосен МВМО.
ѕ) потпишан Договор со операторот за неоткривање на доверливи информации (Договор за доверливост) разменети при склучувањето на договори за пристап;
ј) копија од Решение за доделување на национален код за сигнализација издадено од Агенцијата за електронски комуникации за целосен МВМО.

(2) Операторот му доставува на операторот-корисник одговор во рок од 10 работни дена од денот на приемот на барањето за склучување договор за пристап.

(3) Договорот за пристап треба да се склучи во рок не подолг од 45 дена од денот на приемот на барањето за пристап.

(4) Доколку не дојде до склучување на договор за пристап во рокот утврден во ставот (3) на овој член, било која од страните може до Агенцијата за електронски комуникации да достави барање за решавање на спор, согласно членот 53 од Законот за електронските комуникации.

## III.2 Услуги што се обезбедуваат со пристап

Член 9

Операторот со пристап до јавна мобилна електронска комуникациска мрежа без оглед на технологијата треба на операторите-корисници да им ги понуди најмалку следниве услуги: започнување на повици, започнување на СМС/ММС и пристап до услуги за пренос на податоци со цел обезбедување на услуги на мобилен виртуелен мрежен оператор или за национален роаминг.

Член 10

(1) Операторот обезбедува пристап во сите точки за пристап, до степен до кој барањата се разумни. Одбивањето на пристапот од страна на операторот треба да биде детално образложено и доставено во писмена форма, до операторот-корисник.

(2) Доколку постојат идентификувани ограничување во врска со пристапот, тогаш јасно се наведуваат во референтна понуда, како и временска проценка/датум кога тоа ограничување ќе биде отстрането.

Член 11

(1) Операторот во референтната понуда треба да обезбеди детални информации за параметрите за квалитет на услугите понудени на операторот-корисник.

(2) Со обврската за недискриминација во согласност со член 84 од Законот за електронските комуникации се гарантира дека определениот оператор со значителна пазарна моќ ќе применува еквивалентни услови во еквивалентни околности за другите оператори кои даваат исти услуги и ќе им обезбеди услуги и информации на другите оператори под истите услови и со ист квалитет како оние што ги обезбедува за сопствените услуги или оние за неговите подружници или партнери.

(3) За секоја промена што операторот има намера да ја направи на својата мрежа или на местата на кои се реализира пристапот, а која може да влијае врз услугите кои ги обезбедува операторот-корисник, треба да го извести опеарторот-корисник, најмалку 30 дена пред таа промена да биде направена.

## III.3 Информации за пристапни точки на операторот

Член 12

Операторот во референтната понуда ги наведува следните информации за неговите пристапни точки:

а) бројот, адресата и капацитетот на сите комутациски центри каде што може да се реализира пристапот;

б) целосен опис на сите услуги кои се нудат на секој комутациски центар посебно;

в) можни ограничувања, кои се оправдани од технички аспект, за бројот на оператори кои можат да пристапат на секој комутациски центар.

Член 13

Референтна понуда содржи детален опис на техничките спецификации на точките за пристап на операторот со наведување на релевантните стандарди за:

- електричен и/или оптички и физички интерфејс,
- интерфејс за пренос;
- интерфејс за сигнализација;
- онаму каде што е неопходно, информации за функционалните капацитети кои се нудат преку интерфејсите.

Член 14

Операторот во референтната понуда наведува детални информации за неговата мрежа со цел операторите-корисници да можат да планираат развој на нивната мрежа и услуги, а особено:

а) архитектурата и мапа на мрежата;

б) типот, бројот и локацијата на целата опрема што се користи,

в) патеките на рутирање.

**III.4 Дефекти и нивно отстранување**

Член 15

(1) Ако на делот на мрежата одржуван од страна на операторот настане дефект, операторот ги превзема сите неопходни активности за идентификација и отстранување на дефектот и ги елиминира или ограничува потенцијалните загуби во рок кој не може да биде подолг од четири часа од известувањето за настанатиот дефект дадено од страна на операторот-корисник или од моментот кога операторот на било кој друг начин ќе го открие дефектот. Одстранувањето на дефектите треба целосно да биде завршено според следните приоритети:

- Приоритет 1 – критичен. Одстранувањето на дефектите треба да биде завршено во рок од 4 часа од известувањето за настанатиот дефект. Операторот во секое време, без разлика дали во или вон од работното време, веднаш ќе одговори и ќе ги вложи сите напори за брзо да ги реши критичните пречки.

- Приоритет 2 – висок. Одстранувањето на дефектите треба да биде завршено во рок од 12 часа од известувањето за настанатиот дефект.

- Приоритет 3 – низок. Одстранувањето на дефектите треба да биде завршено во рок од 7 дена од известувањето за настанатиот дефект.

(2) Во договорот за пристап, страните треба да предвидат казни за доцнење при отстранување на дефектите, како и рок за компензација на штетата.

(3) Сите трошоци за отстранување на дефектите треба да бидат целосно на товар на операторот, освен ако се докаже дека операторот-корисник е одговорен за дефектот.

(4) Ако операторот не го исполни рокот наведен во став (1) на овој член, операторот-корисник може да ги надомести штетите на своја сметка, а соодветните суми ќе му бидат вратени од страна на операторот.

IV. ЦЕНИ

Член 16

(1) Операторот во референтната понуда објавува поединечни цени за сите елементи за пристап и услуги што се обезбедуваат со пристап, со цел да се овозможи операторот-корисник да не плаќа за елементи на мрежата или придружни средства, кои што не му се нужно потребни за вршење на неговите услуги.

(2) Цените за пристап и услуги што се обезбедуваат со пристап, што ги нуди операторот, треба да бидат базирани на трошоци, според LRIC методологија.

(3) На барање на операторот-корисник, операторот треба да му овозможи еднократните надоместоци за реализација на пристапот да бидат платени на 36 еднакви месечни рати, зголемени за соодветна камата според позитивните законски норми за таа материја.

(4) При утврдувањето на усогласеноста на обврската од став (2) од овој член, Агенцијата ќе ја користи LRIC методологијата, со можност долгорочната предвидлива вредност на мрежните елементи неопходни за пристап да се пресметува користејќи ги како основа тековните трошоци на операторот.

Член 17

(1) Цените за препродажба на услугите што се обезбедуваат со пристап кои ќе ги користи операторот-корисник од член 4 од овој правилник, ќе бидат определени врз основа на следната формула:

$$Cw=Cr(1 - CP)$$

каде што:

Cw е големопродажна цена понудена од операторот за конкретна услуга;

Cr е малопродажна цена на адекватната услугата што ја обезбедува операторот за своите претплатници;

CP е контролен процент, кој не треба да биде помал од 35%.

(2) Агенцијата може да определува граници за CP поинакви од утврдените во став (1) на овој член во зависност од состојбата на пазарот, при што ќе го има предвид балансот меѓу краткорочната корист што би ја имал оператор-корисник со препродажба на услугата и долгорочната корист што би ја имал кога би инвестирал во сопствена инфраструктура. Агенцијата определува граници за CP поинакви од утврдените во став (4) на овој член и на барање на операторот или на операторот-корисник доколку истиот докаже дека со така определениот CP создава ситуација на цени за истиснување на конкуренцијата.

(3) На барање на операторот-корисник, операторот треба да му овозможи еднократните надоместоци за реализација на пристапот да бидат платени на 36 еднакви месечни рати, зголемени за соодветна камата според позитивните законски норми за таа материја.

Член 18

(1) За МВМО дефинирани во согласност со членовите 3 и 5 од овој правилник, наплатата од страна на операторот за говор ќе биде во секунда, за СМС/ММС по порака и за податоци по 10 КВ, сите по основа на остварен/а повик/СМС/податочна сесија.

(2) За МВМО-препродавач во согласност со членот 4 од овој правилник, наплатата од страна на операторот треба да биде на идентичен начин како за своите претплатници во согласност со релевантните понуди и тарифни модели и во согласност со членот 17 од овој правилник.

## V. СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОРИ

Член 19

(1) Договорот за пристап треба да е во согласност со референтната понуда одобрена од Агенцијата за електронски комуникаци и Законот за електронските комуникации и треба да содржи најмалку одредби за:

а) правата и обврските на операторот и операторот-корисник;

б) услугите што се обезбедуваат;

в) точките на пристап и техничките можности;

д) цени;

ѓ) времетраење на договорот за пристап кое не може да биде пократко од пет години;

е) начинот и постапката за раскинување и измена на договор за пристап;

ж) сите постапки за обесштетување;

з) банкарска гаранција.

(2) Договорот за пристап меѓу оператор и оператор-корисник се доставува од страна на операторот до Агенцијата во рок од 15 дена од денот на неговото потпишување во печатена и електронска форма.

(3) Агенцијата ќе ги објави оние делови од договорот на својата веб страна кои не се од доверлив карактер согласно одредбите на Законот за електронските комуникации, прописите донесени врз основа на него и друг закон.

Член 20

Во случај на спор по одредбите на договорот за пристап, било која од страните во договорот може до Агенцијата за електронски комуникации да достави барање за решавање на спор, согласно членот 53 од Законот за електронските комуникации.

## VI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 21

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија".

По влегувањето во сила, овој правилник ќе биде објавен и на веб-страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Бр. 0201-1864/4
12 мај 2016 година
Скопје

Директор
Агенција за електронски
комуникации,
**Сашо Димитријоски**, с.р.